Карпошин

Октомври / Ноември 2019 | Бр. 79/80 | Година 10

43

години Карпош

Богоев:
За еден поинаков Карпош

Разговор со Данило Коцевски, „Авторитетот Данило“ од „Досие - Скопје“

Интервју со Европските Лауреати **„мЗаедница“**

Карпошови културни места:
Коцка - лавиринтот на љубовта

НВО:
Стареењето е достоинствена зрела доба

Крцкаво уживање во **„КРИСПИ“**

Богоев на УНИЦЕФ
Конференција во Атина

КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ФУНКЦИОНАЛНИ ОПШТИНИ

Автор: **Димитар Караташев**

Детската заштита, создавање на подобри услови во предучилишното образование, споделување на практики и унапредување на положбата на младите во заедницата, беа главните теми на дводневната конференција на градоначалници, која се одржа во Атина, Грција, во организација на УНИЦЕФ.

Како резултат на сработеното и лидерството на полето на детска заштита, а на покана на УНИЦЕФ, на конференцијата присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, како и градоначалникот на Велес, Аце Коцевски.

На настанот се обрати градоначалникот на Атина, Костас Бакојанис, во салата на Градот Атина. Бакојанис ги поздрави големиот број на учесници од Европа, градоначалници, претставници од УНИЦЕФ и граѓанскиот сектор, носителите на јавни функции и другите чинители кои имаат важна улога во креирањето на сеопфатно и инклузивно предучилишно образование.

Градоначалникот Богоев ги сподели искуствата од Карпош, при што се осврна на зголемувањето на капацитетите во градинките (новите современи објекти на градинки во Бардовци и Тафталиџе 2), воведувањето на здраво мени за исхрана, како и на играчки, на дидактички материјали кои имаат за цел уште во раното детство да ги развиваат когнитивните вештини кај најмладите. Тој говореше и за Конвенцијата за правата на детето, во период кога се одбележуваат 30 години од нејзиното донесување, како и за креирање на градови, заедници кои се функционални за децата и младите.

Имајќи предвид дека Македонија, но и голем број на други земји од регионот и Европа, се соочени со сериозна миграција на младите, се дискутираше и за тоа како градовите да станат атрактивни за младите, потребата и начини на финансирање на локални услуги за деца и семејства, развивање на инклузивно предучилишно образование и воведување на процес на рано учење. На Конференцијата беа споделени и практики за зголемување на младинското учество на локално ниво. На оваа тема, Општина Карпош предвидува рестартирање на Младинскиот совет, кој ќе се формира по донесувањето на новиот Закон за младинско учество, којшто е во собраниска процедура. Сепак, Општината и тековно ги мотивира младите, со финансиска поддршка на проекти на младински организации и стипендии за талентирани ученици и спортисти.

ОПШТИНА КАРПОШ
Весник на
локалната самоуправа

Издава Општина Карпош
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки Совет
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

Редакција
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Заменик-уредник
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

Одговорен за Фотографија
Игор Ѓуровски

Фотографија
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска
Бојан Секулоски

Лектор
Ангелина Николовска

Технички уредник | Графички дизајн
STEFChou

Печатница: Серафимовски
Тираж: 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Во овој број ќе читате...

2 Богоев на УНИЦЕФ **КОНФЕРЕНЦИЈА ВО АТИНА**

4 **ИНКЛУЗИВНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ** во Влае 2 - Рекреација за сите

5 Воведник на градоначалникот Богоерв: **ЗА ЕДЕН ПОИНАКОВ КАРПОШ**

6 Карпош **- ДОМ НА РАЗЛИЧНИ ГЕНЕРАЦИИ, СИМБОЛ НА УРБАНОТО И ХУМАНОТО**

10 **РЕАЛИЗИРАНИ И ПРОЕКТИ ВО ТЕК:** Нови Улици, Нови Водомери,Лежечки Полицајци

12 Вистиномер - Ветување: **ПАРК ВО КАРПОШ**

14 **РАЗГОВОР СО ДАНИЛО КОЦЕВСКИ,** „Авторитетот Данило“ од „Досие-Скопје“: Карпош ми е во Срцето, Во Душата, Во крвта

18 **ЗБОГАТУВАЊЕ НА ЗДРАВАТА ИСХРАНА** во градинките „Пролет“ и „Распеана Младост“

20 Интервју со Европските Лауреати **„мЗАЕДНИЦА“**

22 Карпошови Културни места: **КОЦКА – ЛАВИРИНТОТ НА ЉУБОВТА**

24 Хуманоста на дело: **КРВОДАРИТЕЛНА АКЦИЈА И СОЦИЈАЛНИ ПАКЕТИ**

25 НВО Визија: **СТАРЕЕЊЕТО Е ДОСТОИНСТВЕНА ЗРЕЛА ДОБА**

26 Екологија: **НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО**

30 Млади и Спорт: **КОИ СЕ ШАМПИОНИТЕ ВО КУПОТ НА КАРПОШ ВО ФУДБАЛ, КОШАРКА, ОДБОЈКА И РАКОМЕТ**

36 Гастронаути: **НАЈСЛАТКОТО КАЈ МАЈА- КРЦКАВО УЖИВАЊЕ ВО„ КРИСПИ“**

38 Бизнис Катче: **СПЛОТЕНОСТА Е КЛУЧ ЗА УСПЕХОТ НА СЕМЕЈЕНИОТ БИЗНИС**

42 Здравје: **ПУШЕЊЕТО НАЈПОЗНАТ РИЗИК-ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА И МОЧЕН МЕУР**

ISSN 2545-482X

ИНКЛУЗИВНОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ВЛАЕ 2 - РЕКРЕАЦИЈА ЗА СИТЕ

Автор: **Благоја Атанасоски**

Целосно е завршена изградбата на инклузивното детско игралиште во населбата Влае 2, кое се наоѓа веднаш до плоштадот ***Делфина***. Станува збор за нова зона за рекреација на најмладите карпошани, а сите поставени реквизити се адекватно прилагодени и за децата со попреченост. Ова инклузивно игралиште се протега на површина од 450 метри квадратни, а во околината е поставена и соодветна урбана опрема, клупи за седење и корпи за отпадоци, како и заштитна ограда. По посетата на инклузивното игралиште, градоначалникот на Општина Карпош напомена дека ова игралиште ќе овозможи вмрежување и комуникација помеѓу сите деца.

Сериозно сме фокусирани да градиме заедница која ќе ги опфаќа сите наши граѓани. Тоа го покажавме и со отворањето на сензорната соба за ученици со попреченост во ***ООУ Вера Циривири Трена*** и во ***ООУ Димо Хаџи Димов***, а во финална фаза е и отворањето на ваква училница во ***Лазо Трповски***. Ова игралиште ќе биде чувано и обезбедувано од посебно овластено лице, кое ќе се грижи за овој дел од населбата, и ги повикувам сите корисници, граѓани, одговорно да се однесуваат кон реквизитите, односно да не бидат уништувани реквизитите и поставената урбана опрема, нагласи Богоев.

При посетата на градоначалникот Богоев на инклузивното детско игралиште, присуствуваше и министерот за локална самоуправа Горан Милевски, како и претседателот на Советот за развој на Скопскиот плански регион и воедно градоначалник на Општина Гази Баба Борис Георгиевски. Тие ја истакнаа важноста од создавањето на вакви зони за рекреација на најмладите. Овие катчиња имаат за цел да ги отстранат разликите и бариерите меѓу децата и од најраните години тие да соработуваат и да другаруваат. Овој проект беше финансиран со грант од 50 илјади евра, како резултат на подготвената апликација од Секторот за развој при Општината, а финансиери на проектот се: Министерството за локална самоуправа, Швајцарската агенција за соработка и развој и Општина Карпош, додека имплементатор е Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

За создавање на попријатна атмосфера, локалната самоуправа го ***зазелени*** и просторот од почетокот на инклузивното игралиште до платото ***Делфина***. Засадени се нови, ниско украсни грмушки од типот ***BUHUS*** и ***JUNIPERUS***. Ова ново зеленило го опкружува целото инклузивно игралиште.

@sbogoev
@sbogoev
Stefan Bogoev
gradonacalnik@karpos.gov.mk

Стефан Богоев
Градоначалник на Општина Карпош

ЗА ЕДЕН **ПОИНАКОВ КАРПОШ...**

Драги мои карпошани,

Изминаа две години откако заедно ја почнавме приказната за еден поинаков Карпош. Ова е општината во која живеам, тука израснав, го завршив своето основно и средно образование, а овие две години и директно можам да придонесам кон унапредување на квалитетот на живот. Времето брзо проаѓа. Како вчера да беше кога ја започнав кампањата од Кејот на реката Вардар, кај Алпинистичката карпа. Да, тоа е потегот на кој веќе се гради новиот парк, кој ќе се протега до бунарите на реката Лепенец, а е едно од главните ветувања во мојата програма.

Две години исполнети со многу активности, проекти, проблеми и предизвици. Постојано и во континуитет известуваме за општинските новитети, а особено ме радува фактот што овој магазин, ***Карпош ИН*** доби едно поинакво светло и се прилагоди на промените во целокупната заедница. Во рака држите списание кое се подготвува на рециклирана хартија, во кое повеќе простор се одвојува за граѓаните, искусните карпошани, организации, пензионери, доктори и уметници, да кажат по збор, два за себе, за Карпош или да ни дадат совет.

Која беше потребата од ова? Затоа што Карпош ниту почнал, ниту ќе заврши со мене. И тоа сакам да се пресликува во секое наше делување, дури и преку овој магазин. Тука живеат многу сограѓани од кои може да учиме, а и светот слушнал за нив.

Промените во локалната средина се гледаат и кога ќе погледнете на платото кај ***Делфина***, каде што е новото инклузивно игралиште, со реквизити и за деца со попреченост. Промената се гледа и во секогаш заборавеното Бардовци, кое доби целосно нова градинка, како и во Криви Дол, каде што се прави улицата ***Новопроектирана***, а веќе е направен и новиот детски парк.

Особено сум горд на инвестициите во предучилишното и основното образование. Одиме чекор плус во градењето на инклузивен образовен систем, со создавањето на сензорни соби за ученици со попреченост, како и еко – училници, кои се креираат од самите ученици, наставници и родители.

Оваа заедница, ова општество ќе оди напред само ако ги мотивираме младите да создаваат, а повозрасните да ги поддржуваат во реализацијата на целите.

Но, верувам дека кога ќе погледнете од вашиот прозорец ќе видите и многу проблеми. Ќе ве револтира отпадот, аерозагадувањето, скршената клупа или неуреденият јавен простор. Проблемите секогаш ги има, но важно е да имаме и приоритети кои се базираат на јавниот интерес. А, денеска во Карпош приоритет е заштитата на животната средина и садење на високо развиени дрвја. Приоритет е заштитата на јавниот простор и негово уредување со зони за спорт и рекреација на сите граѓани. Приоритет е домаќинското работење и намалување на наследениот долг.

Приоритет е да ја вратиме и вашата доверба во нас, како локална самоуправа.

Нема да кажам дека работиме 24/7, но со чист образ можам да кажам дека работиме чесно и вредно за да не ве разочараме, да направиме нешто повеќе за нашиот Карпош.

Со љубов за Карпош.
Продолжуваме заедно.

Искрено Ваш,
Стефан Богоев

КАРПОШ
ДОМ НА РАЗЛИЧНИ ГЕНЕРАЦИИ, СИМБОЛ НА УРБАНОТО И ХУМАНОТО

Автор: **Димитар Караташев**

Преку различни активности и мултимедијален настан се одбележа роденденот на Општина Карпош. Низ призмата на хуманоста, фер плејот, спортот и инклузијата се обидовме да го оправдаме нашето постоење.

Како созрева така станува позелена, поинклузивна, поразвиена... Подготвена да ги прифати сите различности, да биде дом на многу граѓани и генерации. Тоа е нашата Општина КАРПОШ. Оваа година, преку мултимедијален настан, се одбележа Денот на Општината. Се одбележа Денот на Општината. Се одбележаа 43 години од основањето на Карпош.

Во минатото ја нарекуваа ***спалната соба*** на Скопје затоа што била синоним за спокојно и мирно живеење. Веднаш во урбаното скопско јадро и на граница со Центар, а сепак место каде што може да се земе оддишка.

Денеска, нашиот Карпош е соочен со голем број на предизвици, во различни сфери од општественото живеење. Како да се справи со претераната урбанизација? На кој начин да се реши проблемот со аерозагадувањето и да се надомести изгубеното зеленило? Истовремено, да се гради и заедница која е отворена за сите, за децата, младите, средновечните и пензионерите.

Во неделата која претходеше на 43 – от роденден на Карпош се обидовме преку конкретни активности да одговориме на овие предизвици, да ја претставиме визијата за модерен Карпош.

Оваа локална самоуправа е изградена како резултат на светската хуманост и солидарност. Веднаш по катастрофалниот скопски земјотрес, светот подал рака, донирал, а Карпош се заблагодарил и во таа чест ги именувал улиците: ***Римска***, ***Атинска***, ***Осло***, ***Московска***, ***Њуделхиска*** и многу други... Затоа и Карпош организира хуманитарни активности и подава рака на оние на кои им е најпотребно. Се организираше крводарителска акција, каде што граѓаните имаа можност преку донација на крв да спасат нечиј живот. Продолживме со доделување на социјални пакети (со храна и средства за хигиена), за домаќинствата кои се во социјален ризик.

Спортот, исто така, има значаен дел во нашето работење. Младите се натпреваруваа во атлетски крос, како и кошарка, ракомет и фудбал. Тие се сегашноста и иднината на нашиот Карпош.

Дадовме признание на Центарот за социјални иновации ***БЛИНК 42 – 21***, за освоената Европска награда за млади, за мобилната апликација за Карпош – ***мЗаедница***, во категоријата ***Активно граѓанство како дигитално решение со влијание врз општеството***. Постојаната двонасочна комуникација и дигитализацијата е патот по кој Карпош продолжува.

Кога зборуваме за заедница за сите, се грижиме и за учениците со попреченост. Затоа основното училиште ***Вера Циривири – Трена***, во Карпош 2, доби нова сензорна соба. Тука учениците со попреченост ќе можат полесно да се адаптираат на околината и да се вклучат во образовниот процес.

Карпош е Општината со најголем број на возрасни сограѓани, но нашата заложба е постојано да ги мотивираме и најмладите. Затоа доделивме стипендии за талентирани ученици и спортисти. Тие се нашата гордост и вистински амбасадори на европско и светско ниво.

Карпош има талент е посебна приказна. Во Кинотека, талентирани ученици од сите десет основни училишта имаа можност да го покажат својот талент. Се натпреваруваа во танц, пеење, глума, мотивациски говори. Победи карпошовиот Мајкл Џексон, односно Евгениј Дучевски, од ***ООУ Димо Хаџи Димов***, кој имаше перформанс на мелодии од светската музичка легенда.

Музика, креативност, фер плеј, другарство, хуманост, позитивна енергија... Низ призмата на овие вредности делуваме неделата пред 3 ноември. За да ја докажеме причината на нашето постоење – да бидеме сервис на граѓаните.

Потоа следуваше и мултимедијалниот настан, под мотото ***43 години – со љубов за Карпош***. Во Кинотека на Македонија присуствуваа голем број на гости, граѓани, претставници од различни нивоа на власт, граѓански организации, наставници, директори на градинки, основни училишта и многу други.

Новиот дух на Карпош извираше од секој агол. Настанот започна со видео за Карпош, а продолжи со голем еко – предизвик. Имено, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев ги повика сите присутни да ги земат картички од своите седишта. Тоа не беа обични картички, туку картички во форма на растение кои можат да го засадат во својата околина.

Исто така, се продолжи со мотивациска порака, за спречување на булингот во училиштата, а дадовме простор и на знаковниот јазик. Нашите карпошови таленти предизвикаа позитивни реакции, но и многу емоции во преполната кино сала.

Доделивме и признание за заслужен граѓанин. Таа награда му припадна на Бранко Огњановски, популарниот Миле Паника, кој живее во Карпош и преку хумор и сатира ја опишува нашата реалност.

Ова беше настан каде што се овозможи другите да зборуваат за Карпош, а сосема куси обраќања имаа градоначалникот на Карпош, Стефан Богоев и претседателот на Советот, Андреј Манолев.

Манолев говореше за работата на Советот, како претставничко тело на граѓаните, а градоначалникот даде личен осврт, како тој го доживува Карпош, неговата визија за понатамошен развој, а посебно изненадување со кое ги израдува присутните беше веста дека во финална фаза е враќањето на ***Партизан*** во владение на Општината.

- Искрено се надевам дека ***Партизан*** ќе биде споменик на новото време. Тоа е повеќе од спортска сала и објект. Со неговата возобновa ќе го вратиме обележјето на една цела генерација на карпошани кои годиниве стравуваа дека и ***Партизан*** ќе настрада од насилната урбанизација. Верувам дека секој треба да остави свој печат во своето работење. По завршување на мојот мандат, се надевам дека ***Партизан*** и паркот долж Вардар ќе бидат главни обележја на овој период, заврши Богоев.

РЕАЛИЗИРАНИ

УЛ. ТРИФУН БУЗЕВ ВО КАРПОШ 4 ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА

Улицата ***Трифун Бузев*** во населбата Карпош 4, која се наоѓа во непосредна близина на основното училиште Петар Поп Арсов целосно се реконструираше. Обновен е коловозот во должина од 85 метри, а санацијата беше извршена службите на ***ЈП Улици и патишта*** преку Договорот за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу ова јавно претпријатие и Општината Карпош.

ПОСТАВЕНИ „ЛЕЖЕЧКИ ПОЛИЦАЈЦИ“ ПРЕД ООУ БРАТСТВО, ЈАН АМОС КОМЕНСКИ И ДИМО ХАЏИ ДИМОВ

Општина Карпош во континуитет работи на зголемување на безбедноста на учениците кои учат во основните училишта на територијата на локалната самоуправа. Со почетокот на новата учебна година, се поставија ***лежечки полицајци*** пред ООУ Јан Амос Коменски во Тафталиџе 1, пред ООУ Братство во Тафталиџе 2, и пред училиштето Димо Хаџи Димов во населбата Влае. Целта е да се намали брзината на возилата пред овие основни установи, бидејќи станува збор за фрекфентни сообраќајни улици.

ВО ТЕК

НОВИ 400 УКРАСНИ РАСТЕНИЈА ОКОЛУ ЛЕПТОКАРИЈА

Околу трговскиот центар Лептокарија, во Карпош 3, Општина Карпош започнува со засадување на ново зеленило. Во тек е садење нови украсни растенија од типот: ***Cupressus***, ***Ilex***, ***Buxsus***, ***Juniperus***, ***Lavanda*** и ***Acer***.

Со нови 400 растенија ќе се збогати предниот, средишниот и задниот дел на Лептокарија.

Во изминатиов период се зголеми и зеленилото во Криви Дол, околу инклузивното игралиште во Влае 2 и Порта Влае.

Автоматско читање за точни сметки

ЗАПОЧНУВА ЗАМЕНАТА НА СТАРИ ВОДОМЕРИ

Од 9-ти Ноември 2019, започна замената на куќните водомери на дел од територијата на Општина Карпош. Всушност, жителите на ридските населби Жданец и Трнодол ќе добијат нови вертикални и повеќемлазни водомери, со радио модул, а ќе бидат заменети старите хоризонтални со нови хоризонтални, ултразвучни водомери со нивна интеграција и поврзаност во системот за далечинско отчитување на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

Со новите водомери, податоците автоматски ќе бидат читани, без обврска инкасаторите да влегуваат во домаќинствата на граѓаните. Имено, новите водомери се многу попрецизни и многу точно ќе го читаат протокот на водат. На тој начин ќе се овозможат попрецизни сметки за потрошувачката на вода, а со самото тоа, граѓаните на овие карпошови населби ќе добијат поквалитетна услуга.

Со овој проект се опфаќаат околу 500 домаќинства, а за истиот, преку Министерството за транспорт и врски е добиен грант од Европската инвестициона банка (ЕИБ). Замената на старите со нови водомери ја спроведува Техноскоп ДООЕЛ - Скопје во соработка со ЈП Водовод и канализација.

ВИСТИНОМЕР
ВЕ ДРЖИ ЗА ЗБОР!

ПОЧНА ДА СЕ ГРАДИ СПОРТСКО-АДРЕНАЛИНСКИОТ ПАРК ВО КАРПОШ

Автор: **Оливера Војновска**

Ветување: Парк во Карпош 4

Новиот парк е предвидено да се прави во Карпош 4, од заштитното зеленило покрај бунарите, покрај реката Вардар и ќе се надоврзува кај рекреативната зона за спорт (кај тениските игралишта и вештачката карпа)... Рок: 2018-2020 година

[Извор: Изборна програма на Стефан Богоев за локалните избори 2017 – „Живот во Карпош за сите“ (стр.21) , датум: октомври 2017]

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Ветувањето на градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, за изградба на нов парк во Карпош 4, кај Алпинистичката карпа долж Кејот на реката Вардар, дадено во кампањата за локалните избори (октомври 2017 година), е во тек на реализација. Ова е еден од главните проекти на Богоев наведен во неговата изборната програма, ***Живот во Карпош за сите!*** (стр.21), со која како кандидат на СДСМ ја бараше довербата за градоначалничката функција во Општината.

Изградбата на спортско – адреналинскиот парк зад карпата за планинарење во Карпош 4, почна на 10 октомври (2019), а се очекува да биде завршен до крајот на јуни наредната година (2020). Како што информираа медиумите, станува збор за нова, уредена зелена површина, спортско - рекреативна зона која ќе се простира на површина од 10.000 м^2.

Според градоначалникот Богоев, во рамки на паркот ќе има ново, уредено зеленило на површина од 4.000 квадратни метри, 120 нови дрвја, детско игралиште, фудбалско игралиште на песок со трибини, одбојкарско игралиште на песок со трибини, скејт парк и адреналински содржини. Оваа целина ќе биде заокружена со сквер што ќе се простира на површина од 140 квадратни метри. Зелената спортско – рекреативната зона ќе се надоврзува на големиот парк, до бунарите на реката Лепенец.

По завршувањето на спортско - адреналинскиот парк се фокусираме на уредување на јавниот простор до бунарите на реката Лепенец. Како трајна придобивка е целосното разубавување на овој потег и конечно решавање на дециниският проблем со создавање диви депонии и палење огнови на отворено, рече Богоев.

Средствата за изградба на паркот се обезбедени преку грант од Европската унија во рамки на Проектот за локална и регионална конкурентност, во износ од 38.100.000 денари, а од Буџетот на Општината за реализација на проектот се издвоени околу пет милиони денари.

Информација и фотографии за почетокот на изградбата на овој парк се објавени на веб-страницата на Општината и во повеќе медиуми.

MICROSOFT ЕДУКАЦИЈА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО КАРПОШ

Кон крајот на октомври се спроведе обуката за Microsoft сертификација на наставниците од сите 10 основни училишта од Општина Карпош. Во обуката беа вклучени повеќе од педесетина наставници, кои што го надоградија своето знаење со програмата Microsoft office, која опфаќа целосно совладување на вештините во word, exel, power point, односно целиот пакет, и се стекнаа со соодветни сертификати.

Инаку, обуката е во согласност со приоритетите од Агенданта на ЕК, со која што, до 2020 година е предвидено да се достигне над 90% дигитално писмено население. Во училиштата кај нас, со оваа Microsoft сертификација, на наставниот кадар најпрво му се овозможува примена на IT технологиите во организацијата на часовите, со тоа што наставниците ќе станат дигитално писмени и подготвени да го аплицираат стекнатото знаење и вештини за изведување на наставно-научната работа (примена на IT технологии во наставата).

Разговор со **Данило Коцевски**, „Авторитетот Данило“
од „Досие-Скопје“, хроничар, поет, романописец

КАРПОШ МИ Е ВО СРЦЕТО, ВО ДУШАТА, ВО КРВТА...

Скопје не се зградите, архитектурата, Скопје е животот и луѓето

Разговараше: **Виолета Цветковска**

Нашиот долгогодишен сограѓанин Данило Коцевски на скопската, но и на севкупната јавност и е познат по многу нешта: книжевен критичар, раскажувач, романописец, драматург и поет, но, можеби најмногу како хроничар на Скопје, човекот кој најмногу знае и прикажува за својот град. Оттаму и прекарот што го стекна во култното „Досие Скопје“-„Авторитетот Данило“!

Овој пат Авторитетот Данило за карпошИН ни ги откри „незнајните катчиња“, скриените тајни, но и лични моментот од неговиот Карпош, каде ги минал најубавите денови од младоста, па и нешто повеќе.

Продолжува од минатиот број...

За Каналот и љубовта преку говорница

Денес многу малку се зборува за Каналот во Карпош, вели нашиот соговорник хроничарот на Скопје, но и на Карпош, Данило Коцевски. - Малку се знае, исто така, дека цело Скопје било испресечено со канали кои како ракави се делеле од реката Вардар, а некои од нив течејќи по подножјето на Водно, минувале низ Карпош и се влевале во Вардар.

- Долж Каналот во Карпош (тој беше многу познат топоним), имаше куќи во кои живееја многу семејства, Македонци, Албанци, Турци, и може да се рече дека тој крај претставуваше посебно маало. Тие канали биле многу обилни со вода, еден од нив течел дури и низ центарот на Скопје, во близина на Плоштадот и се влевал во Вардар кај Камени мост. Во тоа време имав многу пријатели и пријателки кои живееја во Тафталиџе 2. За да одиме кај нив мораше да го преминеме Каналот, каде што е сега пазарот. Одевме преку поставени штици, за потоа да стигнеме на последна 24-ка. Таму живееше мојата школска другарка Олга Ковачевска, ќерка на познатиот спортски новинар Никола Ковачевски. Тој, се разбира, имаше машина за пишување, и таму, за прв пат, самиот на машина ја исчукав својата прва литературна критика која ја објавив во **Млад борец**. Исто така, ја користев и машината за пишување на писателот Јордан Леов, бидејќи учевме заедно и со неговата ќерка Бисерка Леова. Тие живееја во непосредна близина на Драмскиот театар.

Така, сé се вртеше околу Карпош. А и времето си го правеше своето. Тогаш немаше многу телефони, немавме ни дома. Ние, во моето семејство, ставивме телефон дури кога се преселивме во Влае. А како ќе и се јавиш на девојката, во тие 60-ти години, ако немаш дома телефон? Дури и ако

имаш, срам ти е да се јавиш од дома за да не ти го слушаат разговорот. За среќа, имаше многу телефонски говорници во Тафталиџе и во Скопје, воопшто. Ние фраерите, тогаш, ќе се наредевме така пред телефонска говорница, за да да се јавиме на нашите симпатии. Таква говорница имаше во близина на школото *Јан Амос Кменски*, на аголот од улицата, па ние неколкумина, ќе застанавме покрај оградата и чекавме да се јавиме, изразувајќи љубов преку телефон. Сето тоа можеби беше комично, но нам тогаш ни се чинеше нормално. Таквите љубови *преку жица* или преку интернет денес се поинакви. Љубовта си е љубов, таа во сите времиња е иста, ама техниката на комуницирање не е.

Туренско поле и Гали Бег

Она што мислам дека не е забележано, е дека во Карпош, во тој дел на Тафталиџе, живееја многи познати луѓе, лекари, музичари, политичари исклучителни личности. Јас живеев тука, на улицата Ташкенска 12а, во барака. Таталиџе секогаш е убаво и таму ги поминав најубавите години, заедно со моите години на Бит-Пазар и во Чаршијата, кои си имаат своја друга убавина. Во зградите на Партизанска, во моја близина, академските сликари имаат атеље, и јас речиси постојано ги посетував. Тогаш како млад се заинтересирав и за сликарството и пишував за него. Често пати сум бил кај сликарот Танас Луловски, (во близина на слаткарницата **Палма**), кај Ана Темкова (во близина на семафорите кај Здравствениот дом Букурешт), Чемерски беше исто така во таа зграда (со него бевме во иста канцеларија во МТВ), па подолу беа Душко Перчинков (во близина на зградата кај што сега е Факултетот за туризам), потоа Доне Миљановски, и др. На некои од сликарите имав чест да им ги отворам изложбите.

- Она што малку се знае од историјата, вели нашиот хроничар, особено од периодот на средниот век и подоцна, тоа е просторот на Тафталиџе со околните места и топонимијата. Има некои куриозитети кои малку се познати, и ќе се обидам да се задржам на нив. Просторот под Водно, оној кој гравитира кон Тафталиџе и сиот тој крај, долги години се водел во атарот на Долно Водно. Она што сме го подзаборавиле е дека Водно било преполно со манастири, со цркви и тие гравитирале кон Карпош, кон Тафталиџе и таа духовна врска на Водно и нејзиното спојување со подножјето, со Тафталиџе и другите места, била многу силна, што говори дека тука имало популација. Подоцна, во османлискиот период тука доаѓа Гали бег кој го зема целото Тафталиџе, тој таму има свои куќи, богат скопјанец, еден од најбогатите.

Градел и други дрвени куќи и куќички, и Тафталиџе се повеќе се развивало. Кога јас одев во гимназија во Ѓорѓи Димитров, тој простор посебно почна да заживува, иако не беше толку

многу населен. Од Влае, до гимназијата во која одевме во Тафталиџе, а која продолжуваше кон центарот, постоеше улицата со коцка (подоцнежна **Партизански одреди**). Сообраќаше автобусот **54** кој одеше од Стара железничка до Сарај. На местото на старата општина Карпош, кај бараките, имаше една, за тоа време, многу убава куќа во која по земјотресот живееше една моја другарка од основно, која веќе беше во гимназија. Замислете, околината беше сета во зеленило, а сега со урбанизацијата не може да се препознае. Пред земјотресот улицата со коцка беше окружена со зеленило и со ретки куќи. И околу **Ѓорѓи Димитров** имаше зеленило. Тоа беше тоа Скопје. Денес на тој простор е само бетон.

Во таа приказна за Карпош, онаа од нашата младост има многу убавина. Имаше многу фраери, веќе зафатени од битлсоманијата, тие правеа диска по подруми, по гаражи во Тафталиџе. Желбата беше голема да се биде во тек со светот. Во музиката тренд беше рокот и попот. Се отвораа музички клубови и угостителски објекти кои беа најпознати во Скопје: *Змија*, подоцна *Векн*, и др. Кога се изгради студентскиот дом **Гоце Делчев** во 70-те години, често одевме во *Индекс-бар* кој беше наспроти.

Подоцна, културно место беше ресторанот *14-ка*, последната постојка на автобусот. Значи на последната станица кај што беше *14-ка*, се отвори тој објект. Многу ми е жал што го урнаа, зашто во него се собираа многу луѓе, многу стари скопјани, а јас одев таму да ми ги раскажуваат своите приказни. Таму доаѓаше Ивко Панговски, кој исто живееше тука блиску, моите пријатели Томе Николовски и многу други.

Да не зборуваме натаму и за Драмски и за Скупи, стариот град, за Хавзипашини конаци...

Музејот на Хавзи Паша

Знаете ли кој бил Хавзи Паша? Тој бил едно исклучително културиран човек. Кога доаѓале странските патеписци, Хавзи Паша ги водел во својот музеј, бидејќи тој живеел во срцето на ископувањата. Таму, во своите конаци, тој си направил свој личен музеј од стари антички артефакти од Скупи и околината. Тие, гостите дојденци и патописци, се воодушевувале од тоа. Овие работи не се истражени доволно. Видете, и денес во Злокуќани се ископуваат артефакти. Целиот Карпош, како простор, лежи врз антика. А сега, ќе ви откријам еден куриозитет за кој сигурно не сте знаеле, а го истражувале нашите постари историчари. Имено, просторот од Калето, односно од Француските гробишта до Скупи и натаму, во Средниот век се нарекувал – Туренско поле. Зошто Туренско поле? Имало богата фауна и пасишта, и тука живеело животно нарекувано Тура, кое наликувало на денешната коза. Овие животни или *турени*, заради пресушувањето на некои водени ресурси, започнале да се селат кон север. Истражувачите велат дека овие животни и денес можат да се сретнат дури и во – Сибир. Навистина необичен податок.

Една од особеностите на општината Карпош е и мостот на Обединетите нации. Знаете ли кога е тој изграден? Тој е важна спона меѓу Карпош 4 и Влае, или што пошироко меѓу Нерези, Ѓорче и Влае. Малку се знае дека тој е граден пред земјотресот, па по земјотресот е доправан, доградуван, разубавуван. Инаку двете коловозни ленти се поставени уште пред земјотресот. Кон шеесетите години, ќе се случи свеченото отворање, но ретко кој памети дека тој мост во 1970 година го посети генералниот сектретар на Обединетите нации во 1970 година – У Тант!

Во тој духот на Обединетите нации и светската солидарност, има еден куриозитетен податок кој говори дека од многуте населби кои се правени во Скопје, Влае е словенечка населба, Лисиче - црногорска, Мацари – хрватска. Но во Карпош и Тафталиџе, целиот

свет е таму: од Финска, Чешка, Мексико, САД и многу други земји. Затоа беше добро да останат имињата на улиците на земјите кои учествувале во градењето на разни делови во Карпош, бидејќи сепак е тоа оддавање на почест и признание на државите.

И повторно сакам да кажам, дека Карпош мене лично, и на мојата генерација ни е во крвта, во срцето и во душата. Најубавите години сме ги поминале тука: од раната младост а и подоцна... Јас тука честопати и денес се навраќам тука, зашто имам и роднини и многу пријатели во Тафталиџе. Сега одам во едно кафуле, тука во близина до вас, кај мојот пријател Шотаровски. Кафулето се вика ***Тафталиџе***. Одам така со мојот пријател Владимир Петковски, кој исто така живее во Тафталиџе, и е карпошовец. Шотаровски веднаш ми носи слатко од смокви, и две ракии наеднаш. Уште не сум се справил со сето тоа, тој носи друга тура. Еден ден ми донесе една стара фотографија, а таму, во кафулето се погодивме, луѓе, сé од старо Скопје.

Кој познати, кој непознати, кои често ме прашуваат: Данило кажи нешто за старо Скопје, за Тафталиџе, кажи ова, кажи она... Така настанува опуштена и пријатна атмосфера. Едниот од нив ми кажува податок од мојот интимен живот, што страшно ме фрапира, (ние мислиме минало време и дека сме отуѓени едни од други, а всушност времето и спомените се уште останале). Јас него го познавав од видување, а тој ме знаел од **Ѓорѓи Димитров**.

Ми вели: - Данило, сакаш да ти кажам нешто што не знаеш дека јас го знам за тебе? Се сеќаваш кога доаѓаше во *Ѓорѓи Димитров* откако ја заврши гимназијата, за да и се додворуваш на девојка ти, и стоеше со саати пред гимназијата? Тоа може да го знае само човек кој навистина те знае, кој бил таму и кој те набљудувал, со насмевка си приспомнува нашиот **Авторитет** Данило.

Ми вели: Сакаш да ти кажам како беше облечен?

- Кажи... и точно ме опиша како изгледав. Е сега јас да ти кажам тебе, му велам:

- Таа девојка која ја чекав пред гимназијата *Ѓорѓи Димитров* денеска ми е сопруга, Мира Коцевска. Со неа имам две прекрасни деца: Јана и Огнен Коцевски.

Ете тоа е дел од приказната за Карпош, зошто Карпош ми е во срцето и душата.

Крај!

ЗЕЛЕНИЛОТО – спас за атентаторите на Мане Мачков

Од Универзалната сала натаму се било празен, зелен простор(без згради н.з.).

Од слаткарницата *Алче*, до денешната улицата Рузвелтова и понатаму, раскажува Данило Коцевски, биле бавчи, обработливи површини, дури ги дознав имињата на некои од сопствениците, вели тој.

- Јас, пред да почине, се запознав со Кочо Битољану, еден од тројцата легендарни скоевци кои го извршија атентатот врз бугарскиот агент Мане Мачков (убиецот на Цветан Димов н.з.). Тој ме одведе на местото каде што е извршен атентатот. Кочо беше љубезен. Му велам: - Како беше извршен, каде беше тоа?

Тоа беше, ми раскажа тој, во една улица во Дебар Маало, која, според денешната топонимија, води во правецот од слаткарницата *Алче* кон Министерството за одбрана. Тука го чекале зад еден агол.

Кочо ми вели: - Кога го извршивме атентатот, двајцата мои другари, од невнимание, почнаа да трчаат по улицата кон денешна Универзална, па можеа да ги фатат, а ние другите тргнавме десно кон бавчите на Карпош, а таму не може никој ниту да те најде, ниту да те фати. Сакам да кажам како изгледало тоа зеленило, вели Данило. Било празен простор и бавчи. Е, сега сето тоа веќе - го нема!

ЗБОГАТУВАЊЕ НА ЗДРАВАТА ИСХРАНА ВО ГРАДИНКИТЕ ПРОЛЕТ И РАСПЕАНА МЛАДОСТ

Нови две градинки во Карпош, на Светскиот ден на храната, ја збогатија и унапредија здравата и квалитетна исхрана. Градинката **Пролет** во Карпош целосно го менува менито за исхрана на најмладите, воведувајќи здрави намирници, повеќе свежо овошје и зеленчук, ладно цедено масло, интегрален леб и семиња во дневните оброци на дечињата. Истиот овој процес на измени на исхраната е во тек и во градинката **Распеана Младост**. Годинава, Светскиот ден на храната дава посебен акцент на потребата од обезбедување на здрава и одржлива исхрана, физички и ценовно достапна за сите.

Досега, веќе е воведено здраво мени во градинките **Мајски Цвет** и **Орце Николов**, а по повод Светскиот ден на храната во **ЈОУДГ Орце Николов** во населбата Карпош, магистер Фани Гулевска на дечињата им одржа предавање на тема: ***Здрави животни навики,*** при што заедно се договорија во иднина дека треба да пијат повеќе вода, свежо цедени сокчиња и да конзумираат повеќе овошје и зеленчук. Еден од главните приоритети на Општина Карпош е унапредување на здравата исхрана и подигнување на квалитетот на истата во сите воспитно-образовни установи на територијата на Карпош.

ВО ЛЕПТОКАРИЈА СЕ ДЕЛЕА КАРТИЧКИ **МОЈ КАРПОШ**

Повеќе од педесет картички **Мој Карпош** им беа доделени на карпошани на поставениот штанд во ТЦ Лептокарија. На 17-ти и 18-ти октомври граѓаните од Карпош имаа можност да аплицираат и да добијат картичка **Мој Карпош.** Тимот од Секторот за развој при Општината им ги објаснуваше придобивките на граѓаните од употребата на картичката, попустите и бенефициите кои ќе ги добиваат во големиот број на угостителски објекти (кафулиња, ресторани, културни установи, ИТ компании и други). Оваа картичка, може да ја поседува секое лице, кое има наполнето 13 години, а граѓаните - жители на Општината можат да се регистрираат во урбаните заедници по електронски пат **www.mojkarpos.mk** или пак на пунктовите кои ги поставува Секторот за развој. Оваа брендирана картичка, беше едно од главните ветувања во изборната програма на градоначалникот Стефан Богоев. Овој проект овозможи трајна соработка меѓу граѓаните, Општината и бизнис секторот.

Разговор со **Милан Танчески** | Центар за социјални иновации **Блинк 42 – 21**

МЗАЕДНИЦА – ЧЕКОР НАПРЕД КОН ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Разговараше: **Димитар Караташев**

Живееме во ера на дигитализација и социјални мрежи. Речиси секојдневно ги користиме новите медиуми за да комуницираме со институции, јавни личности, компании и слично. Комуникацијата на Facebook (како најзастапена социјална мрежа во Македонија) често пати знае да биде хаотична, иако, се препорачува сите општини/институции да имаат тим кој ќе работи на двонасочна комуникација на социјалните мрежи.

Општина Карпош и Стефан Богоев се лидери во директна комуникација со граѓаните, со висока стапка на одговори на Facebook, Twitter и Instagram.

Како значаен придонес во комуникациското предводништво на локалната самоуправа со граѓаните, е воведувањето на еден иновативен канал на комуникација. Имено, од февруари 2019 година достапна е и мобилната апликација за Карпош, **мЗаедница** при што карпошани можат да пријавуваат проблеми (по различни области), да даваат предлози и иницијативи за своите населби, директно до одговорните лица во општината. На тој начин општинската администрација е информирана за вистинските потреби на граѓаните, комуникацијата е транспарентна, а активностите побрзо се реализираат.

Апликацијата може да се симне преку iOS и Android, а е резултат на соработка со Центарот за социјални иновации **БЛИНК 42 – 21**.

Со Милан Танчески, основач и извршен директор на Центарот за социјални иновации БЛИНК 42 – 21 разговаравме за мобилната апликација, како функционира, соработката со Карпош и други прашања.

Токму мЗаедница неодамна ја доби и Европската награда за млади во категоријата Активно граѓанство како дигитално решение со влијание врз општеството.

Зошто ја избравте токму Општина Карпош, како прва општина која доби ваква мобилна апликација?

- Кога размислувавме за партнер кому треба да се обратиме пред да почнеме со развојот на мобилната апликација мЗаедница баравме општина која има желба да ги подобри своите услуги, да биде потранспарентна во комуникацијата со граѓаните и пред се да ја зголеми ефикасноста во работата. Сметавме дека општината Карпош влегува во оваа рамка, а според бројот на жители, развиената инфраструктура и урбаните предизвици со кои се соочуваат нејзините жители, преставува одлична појдовна основа.

Се разбира отвореният интерес за соработка и поддршка од страна на градоначалникот и самата локална администрација која ни ги отстапи своите технички и човечки капацитети за имплементирање и администрирање на апликацијата како дел од нивното секојдневно работење, беше голем позитивен фактор. Интимно, и фактот дека самиот сум жител на Карпош беше некаков личен предизвик да почнеме со Карпош.

Како се одвива соработката со задолжените лица за одговори кои се дел од нашите одделенија и сектори?

- Една од предностите на **мЗаедница** е тоа што нуди можност секој граѓанин да достави свој предлог, иницијатива или да пријави проблем до секој сектор и одделение во општината што од своја страна подразбира потреба од ажурност на администрацијата во одговарањето и решавањето на пријавите. Радува што процентот на ефикасност на одговори од страна на вработените во администрација на општината е во постојан пораст.

Се разбира важна е не само брзата комуникација, туку и брзата реакција во решавањето на пријавите од граѓаните. Од досегашната пракса како еден недостаток може да се посочи проблемот кој настанува како резултат на мешаните ингеренции на општината Карпош и градот Скопје, па граѓаните често пријавуваат проблеми кои се реално, во доменот на постапување на градот Скопје и очекуваат општината да направи повеќе во застапување на нивните потреби пред градот. Се надеваме дека во иднина и градот Скопје би покажал интерес да се вклучи во проектот, со што граѓаните би до-

биле сеопфатна услуга.

По тоа што можевме во пракса да видиме, преку мЗаедница се постигнува пофокусирана комуникација, се селектира област во која се посочува некој проблем или се дава предлог. И, ова е, веројатно, нејзината предност во споредба со другите социјални мрежи или..?

- Нашиот тим имаше визија да го редефинира концептот на граѓанско учество со воведување нови и иновативни начини преку кои граѓаните можат да влијаат во локалната заедница. Ние свесно избегнавме да ја поставиме мЗаедница како социјална мрежа за да се избегне џагорот кој е често карактеристика на социјалните мрежи. Затоа одлучивме да понудиме мобилна апликација која им овозможува на граѓаните користејќи го on-line принципот *во секое време, на секое место* да го зголемат своето учество во акциите и процесот на донесување одлуки на локално ниво. Од друга страна, мЗаедница е и алатка која треба да ја олесни и унапреди работата на самата општина. Апликацијата нуди можност општината да ги следи интересите на граѓаните, да утврдува трендови, кризни жаришта и на тој начин да ги дефинира своите приоритети. Апликацијата на општината и нуди и статистички преглед за ажурноста на секој од секторите и одделенијата, и на тој начин е и алатка која може да ја користи во менаџирањето на постојните човечки ресурси и ефикасноста во работата.

Дали овие дигитални алатки конечно ќе овозможат раздвижување на бавната администрација, како проблем со кои се соочени голем број од јавните институции?

- Апсолутно. мЗаедница нуди можност за брза комуникација и реакција на утврдените предизвици. Еден дел од проблемите со постоечките форми на граѓанско учество е што барат физичко присуство на граѓаните во општината, во одредено време и на одредено место. Со користењето на информатичко - комуникациските технологии тој проблем се надминува. Граѓаните можат да го искажат својот став и да го документираат со праќање на фотографија, точна локација до соодветните органи на општината во кое било време и од кое било место, додека одат на работа, шетаат или пазарат.

Ова го скратува и времето за одговор на самата локална администрација. Секој вработен во општината, преку пристап до веб панелот на апликацијата добива ГПС локација, краток опис на предлогот или проблемот кој го пријавил граѓанинот и може веднаш да постапува.

Дополнителна вредност на мЗаедница е можноста граѓаните да бидат иницијатори на промени и акции за подобрување на заедницата. Мора да признам дека оваа можност на апликацијата не е во целост искористена. Имено преку акцијата *Иницијативи* и *Предлози* граѓаните можат да дадат свој придонес во уредување и подобрување на општината, да добијат поддршка од своите сограѓани и да покажат пред општината дека нивните предлози/решенија се значајни да бидат земени во предвид од страна на Советот на општината. Ова е двонасочен процес, и е од значење за сите страни, можеби и општината треба го промовира овој пристап со презентирање на иницијативите на граѓаните кои биле усвоени и реализирани.

Кои се другите проекти на кои како невладина организација работите во моментов?

- Блинк 42-21 има за цел да развива нови идеи како одговор на предизвиците со кои се соочуваме како општество. Периодов работиме на проширување на достапноста на апликацијата мЗаедница и во другите општини низ земјата, но, истовремено, работиме и на други проекти кои комбинираат технологија и општествени потреби. Преку проект поддржан од Европската Унија работиме на развој на дигитална игра која ќе служи како алатка за едукација и обука за наставниците, учениците и младинските работници, за препознавање и превенција на процесите на екстремизам. Исто така, во соработка со Националниот институт *Стоби* почнуваме со реализација на проектот за изработка на Виртуелна апликација која треба да понуди промоција на нашето богато културно наследство, но и да понуди нови атрактивни и иновативни содржини за посетителите на локалитетот Стоби.

Во моментов актуелни сме со дигиталната видео платформа *Здраво За Готово* во која зборуваме на темата корупција. Преку кратни информативни и забавни видеа кои се емитуваат на социјалните медиуми, сакаме да допреме до граѓаните и да ги соочиме со предизвиците во борбата со корупцијата и со нивната прецепција за учеството на корупцијата во општетството.

Живееме и во период на лажни вести, полувистини и непроверени информации. *мЗаедница* овозможува спречување на овие трендови. Која е пораката која ќе ја пратите до карпошани во врска со мЗаедница, но, и генерално, со користењето на социјалните мрежи?

- Би ги поттикнал граѓаните на Карпош да ја користат апликацијата мЗаедница затоа што таа е ефикасен начин да се зголеми транспарентноста, но и отчетноста на локалната самоуправа за завршените работи. Овие две важни карактеристики овозможуваат намалување на просторот за ширење на лажни вести и ја канализираат комуникацијата кон решавање на реални проблеми се со цел да создадеме подобра општина. Воедно би ги мотивирал да бидат активни граѓани и да се грижат за средината и заедницата. Точната, конструктивната и прецизната комуникација преку мЗаедница може да донесе видливи резултати во општината во полза на сите.

Карпошови Културни Места

КОЦКА
ЛАВИРИНТОТ НА ЉУБОВТА

Пишува: **Силвана Јорданова**

Излегоа во училишниот двор. По неколку минути, пристигна модерен автобус и од него слегуваа нивните другари од Франција. Секој кога ќе го здогледаше другарот, трчаше да се поздрави, прегрне и избакне. Мими и другарка ѝ Лина, учеа во ист клас и ги чекаа нивните другарки Ани и Мишел. Кога нивното училиште го започна проектот ***Чиста планета***, се пријавија заедно во проектот со други ученици. Ист проект работеше едно училиште од Франција, по што училиштата се збратимија и учениците заедно со професорите ја посетија Франција. Беа сместени кај нивни другари, Мими кај Ани, Лина кај Мишел. Во текот на престојот со Ани и Мишел развија топло, искрено пријателство и потоа, секојдневно комуницираа преку социјалните мрежи. Затоа, со нетрпение Мими и Лина ги чекаа другарките Ани и Мишел. Прво слезе Ани, а потоа и Мишел. Ани беше преубава со нејзините сино-зелени очи и црвена коса. Мишел беше црна со кафени очи. Кога ги видоа, истрчаа накај нив, ги гушнаа и избакнаа и влегоа во училиштето.

Одговорните наставници од проектот ја презентираа програмата за сите денови. Таа беше богата, со разни работилници, излагања, прошетки низ Скопје и околината, разговори и анкети со граѓани од областа на екологијата. Завршија доцна попладне. Мими и Лина живееја во иста зграда, па сите заедно, пеш, тргнаа дома за попат, да им ја покажат Општината Карпош на гостинките Ани и Мишел.

Одејќи по булеварот и гледајќи ја по пат оваа урбанизирана општина со архитектура од различни стилови која совршено се вклопуваше со новите градби, уредена со дрвореди, тревници, цвеќиња, заклучија дека Општина Карпош изгледа како дел од светска метропола. Стигнаа до Лептокарија и Лина им објасни дека така симболично си ја викаат населбата. Влегоа во влезот од зградата. Се разделија и се договорија приквечер да се најдат пред Коцка.

Родителите на Мими, брат ѝ и кучето Леси, со насмеани лица ја пречекаа Ани. Трпезата беше полна со македонски специјалитети. На Ани, целиот пречек ѝ се допадна и бликаше од радост. Веднаш се јави кај родителите, сликаше сè и им ги испрати сликите.

Приквечерта излегоа на тераса. Од таму се гледаше планината Водно, Миленициумскиот крст, кој го осветлуваше зајдисонцето и му даваше блескав, мистичен сјај.

Во еден миг, Ани погледна долу на земјата и виде насобрани купчиња момчиња и девојки околу клупите и зачудено ја праша Мими: „***Што се случува овде***“? Таа ѝ одговори: „Ова место се нарекува Коцка. Ние секоја вечер се собираме на Коцка кај кафулето „Ревиста“. Таа е дел од нас, од нашиот живот. На Коцката се дружиме, забавуваме, одмараме, ширите познанства, се советуваме. Коцката во моментов е културно место за собирање на младите.

Многупати се организираат работилници за цртање, пеење, прва помош, разни настани. Се создаваат другарства, симпатии, први љубови. Местово е многу бериќетно, заживеа откако се нарече Коцка. Во неа се вткаени многу тајни и кога би прозборувала Коцката таа би можела да напише животен роман“.

Ова сознание ја заинтригира Ани, која продолжи да зборува: „Јас многу сакам да се дружам. Жалам, кај нас ние сме малку повеќе отуѓени и немаме вакво другарство меѓу нас. Убаво е кога со твоите блиски другари контактираш, се консултираш, советуваш, се дружиш“.

Слегоа долу на Коцка заедно со Лина и Мишел. Кога ги видоа гостинките на сите им беше многу мило. Ги запознаа Ани и Мишел и разговараа со нив како

отсекогаш да се познаваат. Се разбираа малку на француски, а повеќе на англиски. Се шегуваа, ги нудеа со грицки, сокови, вода, кока-кола. Се сликаа со нив на мобилните телефони. Ани и Мишел беа ѕвезди на вечерта. Не можеа да се изнарадуваат. Им објаснуваа на сите дека се среќни што дошле во посета и виделе еден поинаков начин на дружење. Еден нивни другар Аце беше срамежлив, повлечен, но црташе беспрекорно и на Коцката секогаш носеше прибор за сликање. Вечерта кога ја виде Ани, се загледа во нејзините сино-зелени очи. До крајот на вечерта, почна да разговара со неа дури и се шегуваше и ѝ викаше: „Вакви очи со боја на планинско езеро не сум видел досега“.

Вечерта доцна си дојдоа. Мајка ѝ на Мими, Нена, ги чекаше да поразговараат. Кажа дека знае француски, но ако згреши нешто Мими ќе преведе на англиски.

Нена ѝ кажа на Мими да ја праша Ани дали ѝ се допадна дружењето на Коцка. На Ани очите и светеа како езерски капки и им одговори: „Срцето ми е исполнето со љубов. Би седела до утро и би се забавувала на Коцка. Не,не... би седела бесконечно. Се чувствувам среќно“. Мими ѝ одговори: „Ани, јас секоја вечер се чувствувам среќна. Опкружена сум со мои врсници и заедно споделуваме настани, желби, искуства. Секогаш некој ќе ти даде совет, или некое решение на проблемот. Убавината на дружењето е што си исполнет со љубов и почит и ти се обрнува внимание, затоа си среќен“.

„Ани“, се надоврза Нена: „Кога бев дете, живеевме во мали куќички, со дворови преполни со цвеќе, овошје и зеленчук. Цел ден бевме на улица и игравме, челик, џамлии, плочка, ластик“. Не обрнувајќи внимание на чудењето на Ани, таа продолжи: „Игравме сами, растевме безгрижно, имавме фантазии, идеали, соништа и верувавме дека ќе ни се остварат, а срцата ни беа исполнети со љубов. Кога потпораснавме, почнавме да одиме на корзо, што е слична форма на Коцката, но, целта е единствена – дружење!“ Нена го извади албумот и ѝ покажа неколку слики од тоа време. Ани се изненади и на глас зборуваше: „Сè ми е необично. Кај нас сè е различно. Колку убав живот имаат овде“. Нена беше многу интересна, некои реченици на француски ги кажуваше, па ќе се збунеше и ќе прекинеше и ќе си речеше самата: „Многу години не прозборев француски, грешам“ и се обидуваше со гестови да објасни, но затоа тука беше Мими да спаси ситуација.

Нена продолжи: „Возрасна сум, но моето детство живее во мене. Кога и да видам дете, детското во мене изникнува и гори како факел и ме враќа во него. Детството е најубавиот свет над световите. Непроценливо богатство, незаменлив дар од природата. Затоа, Мими ја пуштам на Коцка бидејќи секој изживеан миг во детството се памети цел живот. Исто така, за да нема несакани настани, ние што живееме во Лептокарија ги надгледуваме децата горе од тераса, случајно некој да не сака да им наштети или да ги вовлече во некој порок“.

Другите денови им поминаа како во сон. Ги завршуваа своите обврски. Кога и да имаа слободно време, одеа на Коцка. И гостинките се заљубија во Коцката. Заедно, за спомен, во разни пози се сликаа на Коцката.

Вечерта пред да си заминат дома, сите се собраа на Коцка. Разделбата беше пријатна. Аце ги изненади гостинките со слика насликана со сите. Аце и Ани кои се зближија, си ветија дека ќе се допишуваат. Аце ѝ напиша на голем лист хартија: „Ани ќе те чекам да не посетиш и друг пат!“

Тоа е таа магична Коцка – лавиринт, но за оној кој успеал да влезе во неа - ја остварил животната мисија. Таа зрачи и нејзината енергија ги привлекува сите бидејќи на Коцката не постои изгубено време, туку исполнето време. Времето некогаш ќе го промени местото, но, Коцката ќе остане симбол на детството, симбол на едно време, ќе буди цел живот спомени, затоа што таа е врежана во срцата за навек, кај оние кои дел од животот го поминале на неа.

ОПШТИНА КАРПОШ ПОДЕЛИ **110 ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ** НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ДОМАЌИНСТВА

Автор: **Благоја Атанасоски**

Традиционално, како и секоја година, по повод Денот на Општина Карпош - 3-ти Ноември се доделија социјални пакети (прехранбени продукти и средства за хигиена), на социјално - загрозени семејства. Оваа година вкупно 110 домаќинства во Карпош од оваа категорија добија вакви пакети. Во периодот пред одбележувањето на роденденот на Општина Карпош, хуманите карпошани донираа продукти во рамки на акцијата „Донирај - подај рака за твојот сосед“, а потоа овие производи беа поделени во повеќе урбани заедници. И покрај тоа што станува збор за симболична поддршка, сепак со ова се олеснува секојдневието на граѓаните кои спаѓаат во социјално-немоќна категорија.

Локалната самоуправа делува системски и ги помага ранливите групи со доделување на еднократна парична помош, одвојување на буџетски средства во случај на пожар или поплава, еднократна финансиска помош за новороденчиња и слично. Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, нагласи дека оваа година сите талентирани ученици и спортисти, без разлика дали се од социјално-загрозени семејства или не се од такви, сите заедно беа на одмор.

Локалната самоуправа, аплицираше и на повикот за социјални услуги на МТСП - грижа и нега во домот на стари и изнемоштени лица. Со овој проект ќе се овозможи зголемена поддршка на повеќе домаќинства, а за испорачување на услугата дополнително ќе се ангажираат и невработени лица, на кои ќе им се даде соодветна обука за да пружат нега во домовите на граѓаните на кои им е неопходна таква поддршка. На овој начин се постигнува двојна цел: ќе имаме згрижени граѓани, но и ангажирани невработени лица, кои на овој начин ќе излезат на пазарот на трудот, и, патем, ќе имаат сопствен приход, станувајќи поконкурентни. Општината продолжува да се грижи за најранливите категории граѓани, а овие хуманитарни акции ја симболизираат, меѓудругото, и смислата на нашето постоење.

Нега Плус - професионален сервис
за грижа за стари и изнемоштени лица

СТАРЕЕЊЕТО Е ДОСТОИНСТВЕНА **ЗРЕЛА ДОБА**

Марија Ангеловски - социјална претприемачка

„Нега Плус“ е социјално претпријатие, односно професионален сервис за грижа и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови, основано во рамките на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување.

Ова претпријатие се разликува од традиционалната форма на претпријатија по тоа што е водено првенствено од својата социјална мисија, а тоа е да се подобри економската и лична благосостојба на жените Ромки кои се социјално и економски маргинализирани на територијата на град Скопје. Идејата за основање социјално претпријатие со ваква дејност произлезе од самите жени Ромки. Тие, по препознавањето на сопствените лични капацитети и предности, изразија подготвеност за нивно надградување и јакнење преку лиценцираната Програма за палијативна грижа и нега на Министерството за образование и започнување на професионален ангажман во претпријатието. Така го изградивме „Нега Плус“ како професионален сервис со сертифициран кадар, со воспоставен систем за контрола на квалитетот на испорака на услугите, и со флексибилни пакет услуги кои ги прилагодуваме според потребите и примањата на корисниците на вакви услуги.

Стареењето е неминовен животен процес кај секој човек и токму затоа го создадовме „Нега Плус“, да овозможи квалитетна и достоинствена зрела доба. „Нега Плус“ врши поврзување на две категории луѓе кои имаат потреба од меѓусебна помош и поддршка. Имено, користејќи ги услугите на „Нега Плус“ се добива професионална грижа и тоа во домовите на возрасните лица, а истовремено со тоа се подобрува економската и личната благосостојба на жените Ромки.

„Нега Плус“ официјално започна со давање на своите услуги на крајот на 2017 година и до денес има услужено преку 50 семејства. Во целиот овој период се создадени голем број нови пријателства помеѓу давателите на услуги и корисниците на истите. Ваквиот начин на меѓусебна почит, доверба и разбирање се најзначајните признанија за работата која ја вршиме.

Повеќе информации за услугите на „Нега Плус“ можете да се добијат на телефонскиот број

070 299 026 или на

www.facebook.com
/negaplus/.

ЕФИКАСНИ ПОЛИТИКИ И ЈАВНА СВЕСТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО

Автор: **Благоја Атанасоски**

На Меѓународната конференција за млади: **DIVE 3: Zero to one > 1 to N** во организација на Младинскиот сојуз - Крушево (Youth Alliance), градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев настапи со свое излагање кое започна со главните еко приоритети во Карпош:

- Со мултинаменскиот спортско - адреналински парк и целосното раззеленување на делот од Алпнистичката карпа до бунарите на река-та Лепенец, ќе создадеме нови бели дробови за нашата општина Карпош, но воедно и за Градот Скопје. На оваа меѓународна конференција, првиот човек на Општина Карпош говореше пред претставници на голем број младински организации од Грција, Романија, Италија, Коста Рика, Словенија, Полска и од Јужна Африка. Всушност, Богоев говореше за клучните активности и политики кои локалната самоуправа ги презема на полето на заштита на животната околина.

- Неуредените и запуштени јавни површини прераснуваат во уредени, зелени зони. Затоа создадовме нови маалски паркови во населбите Тафталиџе 2, Криви Дол и Карпош 4. На локацијата на големиот парк со децении се палеа огнови на отворено и се одлагаше отпад. Оваа неубава и грда слика секојдневно ја менуваме. Со субвенциите за велосипеди се обидуваме да ги стимулираме граѓаните да користат алтернативни превозни средства, имајќи во предвид дека автомобилите и зголемениот сообраќај се едни од главните извори на загадувањето. Морам да нагласам дека во 2020 година, планираме да субвенционираме и електрични тротинети, истакна Богоев.

Дополнително загадувањето ќе биде намалено и со подигнувањето на економскиот стандард бидејќи сега имаме голем број на домаќинства кои се греат на нееколошки начини на затоплување и придонесуваат уште повеќе кон целосното загадување на амбиенталниот воздух, посочи Богоев и продолжи:

- За овој проблем една од важните мерки за решавање е субвенционирањето на инвертер клима уредите.

На оваа панел дискусија се обратија и Блаже Јосифовски од „Ајде Македонија“ и Михаил Стевчев од „Treebanks“. Тие се осврнаа и на потребата од поголема јавна свест и грижа на сите чинители за заштита на животната средина. Во самиот интерактивен дел од конференцијата, Богоев зборуваше и за начинот на селекција на отпадот во нашата околина, поделеноста на ингеренциите со Градот Скопје и Јавните претпријатија кои се наоѓаат под негова надлежност, како и чистењето на дециниските депонии долж Кејот на река-та Вардар.

На конференцијата се споделуваа позитивни практики од различни области, со цел говорниците и сите учесници да можат да преземат дел од истите во нивниот домен на работа. Градоначалникот Богоев исто така нагласи дека новите контејнери за селекција на отпадот поставени од Градот Скопје ќе придонесат во градењето на поефикасен систем за рециклирање, но треба и граѓаните да се менуваат и да ги менуваат своите навики и да го селектираат отпадот уште во нашите домаќинства.

ТРАДИЦИОНАЛНА **КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА**

Во Кинотека на Северна Македонија се спроведе крводарителска акција, која традиционално се спроведува по повод Деновите на Општина Карпош. Акцијата се спроведе на 22-ри октомври, од 09:00 - 17:00 часот. На неа, преку сто крводарители даруваа крв и учествуваа во оваа благородна акција. Општината, традиционално одржува крводарителски акции, еднаш на пролет, и еднаш на есен, поттикнувајќи ги на тој начин и вработените во локалната самоуправа, како и граѓаните на Општина Карпош да даруваат крв, и на тој начин да бидат хумани, спасувајќи така нечиј живот.

ДРУЖБА И РЕКРЕАЦИЈА НА НАЈВОЗРАСНИТЕ КАРПОШАНИ

На фудбалското игралиште на ФК Локомотива се одржаа традиционалните Пензионерски игри 2019 година, по повод Денот на Општина Карпош. Всушност, станува збор за натпреварување меѓу здруженијата на пензионери на територијата на Карпош, кои се натпреварува во повеќе спортови и меѓу другото го искористија настанот за меѓусебна дружба. Пензионерите се сретнаа и со градоначалникот на Општина Карпош, кој им посака успешни игри и нагласи дека локалната самоуправа и во иднина ќе се грижи рамномерно за сите возрасни категории на граѓани карпошани.

- Убавото време, е дополнителна причина да се дружиме, и иако вие сте највозрасните наши сограѓани, сепак, на вашиот дух, енергија и желба за активност можат сите да ви позавидат. За вас се грижиме и преку т.н хумани патроли, со кои воспоставуваме поблизок и непосреден контакт, нагласи Богоев.

Хуманите патроли значат грижа за изнемоштените лица, посети во домовите, нега и пружање на други видови социјални услуги од страна на стручен и обучен кадар.

СОВЕТОТ И МВР СО ГРАЃАНИТЕ **ЗА ПОБЕЗБЕДЕН КАРПОШ 3**

Во урбаната заедница **Карпош 3**, на скверот се одржа една од традиционалните маалски средби на граѓаните со претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев и претставници од Министерството за внатрешни работи. На оваа средба, на која присуствуваа голем број карпошани од оваа урбана заедница, меѓу другото беше разговарано и за проблемите на жителите со кои се соочуваат од аспект на безбедноста. Претседателот Манолев, заедно со членовите на Советот на Општина Карпош Билјана Костова, Мики Филев и Димитар Зимбаков, разговараа за повеќе области од локалното живеење во оваа урбана заедница. Беше потенцирано дека Општина Карпош обезбеди специјализиран контејнер за селектирање и складирање на отпадот и храната од рибниот ресторан „Сидро“, како и дека се обезбедени 27 картички за паркинг место во „Скопје сити мол“ за граѓаните кои живеат на ул. „Манапо 4“.

Претставниците од полицијата потенцираа дека од претходната средба со жителите на Карпош 3, од пред два месеци до сега, МВР како институција го зголемила своето патролно присуство со повеќе позорникари кои ги превенираат деликтите и ја зголемуваат безбедноста на граѓани. Карпошани од оваа урбана заедница истакнувајќи ги своите проблеми, реагираа на брзото возење кое честопати и константно се случува по бул. Партизански одреди, и побараа зголемено присуство на полицијата особено во доцните вечерни часови од 11:00 до 04:00 часот, кога фрекфенцијата на брзото возење пред се на мотори е најголемо и им создава проблем на граѓаните.

ПРОСТОРОТ ОКОЛУ **ДРАМСКИ** ПРЕРАСНУВА ВО **МААЛСКИ ПАРК**

Локалната самоуправа реконструираше поголем дел од урбаната опрема (клупи и корпи за отпадоци) околу **Драмскиот театар** во населбата Карпош 2, а беа поставени и дополнителни нови клупи за седење. Со ова, се овозможува поголема удобност за посетителите на Драмскиот театар, имајќи во предвид дека клупите се поставени пред самото плато на театарот. Во наредниот период, ќе бидат поставени и посебни корпи за отпушоци и ќе се обнови осветлувањето.

Во овој дел од Општина Карпош ЈП Паркови и зеленило ќе започне и со уредување на зеленилото, при што ќе се постави нова тревна површина и зеленило. На тој начин граѓаните на урбаната заедница Карпош 2 ќе добијат целосно облагороден простор, кој ќе прерасне во маалски парк за рекреација.

ПОДВИЖНА ИНТЕРНЕТ УЧИЛНИЦА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Una vita da social, или во превод „Живот на социјалните мрежи“ е името на подвижната училница во која учениците учат за правилно користење на социјалните мрежи, безбедноста на Интернет и заштита на животната средина. Што е лажен профил? Кој може да пишува во во мое име? Како да се заштитам? – беа само мал дел од поставените прашања, во првата подвижна училница која е поставена на територијата на Општина Карпош (на платото кај „Сити мол“), во рамки на Меѓународниот филмски фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“, кој оваа година од 12-ти до 17-ти октомври по седми пат се одржува во Скопје .

Оваа училница беше посетена од сите ученици од десетте основни училишта во Карпош. Тука најмладите карпошани добија повеќе информации за интернет просторот, како да ги користат социјалните мрежи, како да детектираат кога некој друг ќе се претстави во нивно име, со кои механизми да се заштитат и да препознаат навреди, говор на омраза и слично. Училницата, исто така овозможува и повеќе знаења за заштита на животната средина, воздухот, водата и почвата, како и за правилната селекција на отпадот.

На т.н подвижна училница, присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, кој пред учениците зборуваше за паметното користење на технологијата и проектот за ограничена употреба на мобилните телефони во наставата.

Животната околина и безбедното користење на Интернет просторот и ИТ технологијата, денес се едни од најважните глобални теми, а речиси сите земји во светот се соочени со загадување и со сајбер напади. Овие едукативни работилници во подвижната училница имаат за цел да ја подигнат свеста кај најмладите за овие предизвици со кои се соочуваат во своето секојдневие.

Предавањата ги одржуваа обучени предавачи од експертска екипа на Одделението за Комуникациска полиција од Италија, а во соработка со Министерството за внатрешни работи на Република С. Македонија и Амбасадата на Италија во Скопје.

„КОМЕНСКИ“ **ШАМПИОНИ ВО КОШАРКАРСКИОТ КУП**

Во навивачка и спортска атмосфера во училишната спортска сала во ООУ „Војдан Чернодрински“ се одигра финалето на кошаркарскиот куп по повод Деновите на Општина Карпош. Победници се кошаркарите од ООУ „Јан Амос Коменски“ кои со резултат од 30-16 ги победија своите врсници од ООУ „Димо Хаџи Димов“.

ОСНОВКИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ **–ПРВЕНКИ ВО ОДБОЈКА**

Во спортската сала во ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“ се одигра финалето во одбојка на овогодинешниот спортски куп, кој се одигра по повод Денот на Општина Карпош. Одбојкарките од „Војдан Чернодрински“ ги победија своите врснички од ООУ „Петар Поп Арсов“ со вкупен резултат од 2:0 во сетови (25:16; 25:12).

„ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ СЕ **РАКОМЕТНИ ШАМПИОНИ**

По повод Денот на Општина Карпош се одигра и ракометниот купски турнир. Во СРЦ „Борис Трајковски“ ракометарите од ООУ „Владо Тасевски“, во мешана категорија (момчиња и девојчиња), со резултат од 2:0 ги победија своите врсници од „Вера Циривири Трена“ и станаа победници на овогодишниот ракометарски куп. Победата дојде по изведување на пенали, откако, во регуларниот дел од финалето резултатот беше израмнет 13:13.

Победничкиот пехар на шампионите им беше врачен од претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, кој им порача да се занимаваат со спорт и да станат професионални спортисти во иднина. На сите учесници во турнирот им беа доделени дипломи.

ОСНОВЦИТЕ ОД „АВРАМ ПИСЕВСКИ“ **ПОБЕДНИЦИ НА ФУДБАЛСКИОТ КУП**

На фудбалското игралиште во Влае 2, се одигра завршниот натпревар на Купот по Повод Денот на Општина Карпош - 3-ти Ноември.

Фудбалерите од ООУ „Аврам Писевски“ убедливо, со резултат од 3:0 ги победија своите врсници од ООУ „Петар Поп Арсов“ и станаа фудбалски шампиони на овогодинешниот куп. Претставник од Одделението за култура и спорт им го додели победничкиот пехар на фудбалерите од „Аврам“, а исто така на сите учесници во ова натпреварување им беа доделени и дипломи.

МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПЛИВАЊЕ „ 13 НОЕМВРИ“

Осмото издание на меѓународната пливачката манифестација „13 Ноември“ се одржа во базенот на Спортскиот центар „Борис Трајковски“. Натпреварувањето го организираше пливачкиот клуб „Бета Шаркс“, со овогодинешна поддршка од Општна Карпош.

На дводневниот настан учествуваа натпреварувачи од земјава, соседните држави и од регионот. Турнирот беше отворен од страна на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, кој на учесниците им посака спортски успех и уште многу учества во пливачките турнири. Тој нагласи дека како локалната самоуправа многу инвестираме во спортот и подобрувањето на спортската инфраструкрута.

Турнирот започна со трка на лица - деца со попреченост, кои само уште еднаш потврдија дека спортот не познава граници и бариери. Потоа продолжија и натпреварувањата во другите дисциплини, а градоначалникот Богоев ги подели медалите и дипломите за најуспешните.

@l.bogdanovska

@antic_ivona

#ЕсенВо

Tea _____ гишев

@mila_g

Карпош



јовица ____ тасевски

@meric_mk



НАЈСЛАТКОТО КАЈ МАЈА - **КРЦКАВО УЖИВАЊЕ ВО КРИСПИ**

Автор: **Виолета Цветковска**

Лептокарија важи за една од најголемите „хранилници“ на Карпош. Велат дека тука ***нема - што нема*** за јадење. Но, не беше баш така, се до 28 август, додека не се појави ***Криспи*** на Маја. Тогаш прв пат проработи оригиналната пекарница на солени и слатки печива, кои според Унгарците се викаат ***куртош калач***. Но не само Унгарците, туку и Романците, Чесите, па дури и Шведска, жителите од областа Сконе (Гетербог, Малме), велат дека станува збор за нивен гастрономски изум. Првите стари записи велат дека рецептите за овие специјалитети (chimney cake на англиски, а Србите го викаат оџак), потекнуваат некаде од 15 век (1450 година, и прв пат се среќава во ракопис од Хајделберг), од Трансилванија, но и еден дел од Чешка. Чесите овие печива кои се печат на специјални сукала (оклагии - кратки дебели сукала со рачки н.з.) ги викаат „трдло“, а трделник е тестото.

- Ние, вели газдарицата Маја (Маја Анастасова која заедно со Мики Златановиќ, инаку, доскоро, едни од позвучните новинарски имиња кај нас во сферите на финансиите и градежништвото, а сега првокласни „пекарки“) ги нарековме криспи затоа што се крцкави однадвор, посебно благите, а внатре тестото е меко. Се печат на ротирачки ражен. Кај нас, благите теста се во форма на конуси, а солените – цилиндри, затоа што така изгледаат, а таква форма имаат и сукалата. Во Чешка на пример, печките за правење цилиндрични теста се надвор, на улица, и речиси секаде низ Европа се продаваат празни, посипани со цимет и шеќер во прав, евентуално некаде ставаат сладолед во нив.

Но, Маја и Мики, нема да бидат тоа што се и во старт толку успешни ако не смислат нешто свое - наше.

- Ние, вели Маја солените теста - цилиндри ги полниме со топено сирење, кашкавал, сезонски зеленчук, по македонски со путер, домашно сирење, марула и краставица, а по избор сувомеснато: пршута, печеница и сл. И кај нас сите продукти се млечни. Благите криспи конуси се во основа со лешник-нутела, потоа има готови комбинации, чоколадни овошни и една посебна понуда во менито: “направи сам“!

Инаку идејата во Карпош, во Лептокарија да се донесат овие превкусни печива е на Андреј Стојковски, помалиот син на Маја (кој уште во гимназија кога бил на екскурзија ги вкусил и се обидел дома да направат нешто такво). Маја, која природно сака да „си игра“ со тестото, после неколку обиди успеала да ги направи, пошла во Словенија на обука, но и во потрага по оригиналниот рецепт.

Мики влегува во „Криспи“ приказната како прва асоцијација на Маја за партнер, кој е педантен, чист, и пред се, доверлив.

- Јас во тоа време бев слободна (од новинарството н.з.) и прифатив веднаш, вели Мики Златановиќ. Со Маја се знаеме 31 година, уште кога во НИП Нова Македонија делевме исто биро, и никогаш не сме престанале да се дружиме. Функционираме беспрекорно, еве и тука, дури си ги читаме и мислите.

Еден од куриозитетите, кои го истакна Мики во тримесечно работење во пекарскиот занает и подготовката на ексклузивни солени и благи колачи, е моментот кога добивале дозвола за работа. Кога ги посетиле надлежните служби, прво што ги прашале што школо имаат. Кога ги спомнале нивните факултети им одговориле: ...“А не може. Преквалификувани сте, за ова треба средно.“ И повторно моравме да преполагаме, иако ги убедувавме дека да се стигне до факултет, мора да се помине и средното.

Иако првите гастрономски искуства на Маја и Мики им се позитивни, посебно комплиментите што ги добиваат од младите кои се најчести конзументи и кои носат и позитивна енергија во дуќанот, како и оние сладокусци кои нивните колачи ги пробале веќе ширум Европа, сепак едно признание посебни го издвојуваат.

- Кај нас од никој, никаде, влезе еден странец, Хрват кој тешко зборуваше и хрватски, односно Швајцарец, и на одење само кажа дека е меѓународен судија во кулинарство, (отпосле дознавме и дека е доктор по гастрономија и предава во Сен Гален академијата во Франција).

- Ни, рече, вели Маја, дека е на пропатување кон Охрид на манифестацијата „Гастромак“ и патем зеде еден од нашите колачи. После 10-тина дена на нашата фејсбук страница осамна коментар дека сме супер, а и на самото место прокоментира: „То је то, а можда и боље!“

СПЛОТЕНОСТА Е **КЛУЧ ЗА УСПЕХОТ** НА СЕМЕЈЕНИОТ БИЗНИС

Автор: **Благоја Атанасоски**

На самата улица Радика, веднаш до основното училиште **Лазо Трповски** се наоѓа мини маркетот „Кај Трајче“. Овој мал фамилијарен бизнис функционира во континуитет од 1998 година, и првиот сопственик е Трајче, по кој е и именуван овој маркет. Синот Дарко Божиновски, заедно со сопругата Марија и постариот син Матеј денеска го водат овој бизнис успешно, носејќи се со сите предизвици со кои се соочува еден мини бизнис во нашата земја. Како што нагласи и Марија, која карпошани од населбата Карпош 3 сите ја викаат и ја знаат како Маре, секоја работа си има свое задоволство, но и своја тежина.

- Еве, повеќе од две децении, успешно ги пребродуваме сите моменти во водењето на еден мал семеен бизнис. Со многу борбеност, волја и упорност, но, и со желба и задоволство, може да се успее и да се напредува. Се разбира, работиме во две смени, од утрината, кога ќе започне работниот ден за сите, па се до вечерните часови, потенцираше Маре.

Кога ќе влезете во мини маркетот, на самиот влез ќе се соочите со вистинска мини пијара. Сите видови и бои на сезонски овошја и зеленчук ќе ве пречекаат со својата раскошност и понуда, односно за купувачите има навистина голем и разновиден избор на свеж зеленчук и домашно и јужно овошје. Карпошани во овој маркет можат да се снабдат буквално со сé. Од најпотребните леб и млеко, до разни млечни производи, благи работи, разни грицки и чипсови. Маре е всушност „детската радост“ за основците од ООУ Лазо Трповски, но и за сите жители од нејзината непосредна близина.

Синот Матеј кој веќе е полнолетен, е и активно вработен во фамилијарниот бизнис, и како што се вели народски, ***веќе го пече занаетот***. Љубовта кон сопствената работа од тинејџерски години, е водилка за во иднина, тој да го наследи овој бизнис, како што неговите родители го наследиле од неговиот дедо. Во немилосрдната борба на пазарно ориентираното општество, како што ни нагласи Маре, за да се опстои пред се, и да се успее во еден фамилијарен бизнис првенствено е потребна сложност и заедништво во работата. Кога секој ќе си ги знае своите обврски, кога секој ќе си ја работи својата работа, и кога сето тоа ќе се усогласи - успехот е неминовен. Успехот на фамилијата Божиновски во трговијата е само уште еден доказ дека со трудољубивост, упорност и одговорност кон работата, малите семејни бизниси во Општина Карпош наоѓаат плодна почва да егзистираат.

Gjorgji @GjorgjiRisteski · Nov 1
За поздравување но некако се се одвива споро,поминаа два месеци од учебната година.

1

Стефан Богоев @sbogoev · Nov 1
Има сериозна административна процедура пред да се постави „лежечки полицаец". Се прибавуваат согласности од СВР Скопје, Град Скопје. Но, важно е дека се поставуваат.

1 1

Gjorgji @GjorgjiRisteski · Nov 5
Стефан мора младите генерации како тебе да се борат против бирократијата во ера на дигитализација да чекаш хартии одобрувања и потписи е смешно

1

Стефан Богоев
@sbogoev

Replying to @GjorgjiRisteski

Тоа и го правам. Се обидувам колку што е можно побрзо да ги движиме работите 😊 но, некогаш и прпцедурите се гаранција за сигурност и безбедност.

Мутен @toVornottoV · Oct 29
Здраво @sbogoev, на Руѓер Бошковиќ, од страната од Рузвелтова, само една од светилките работи и бш е темно навечер.

1 1

Стефан Богоев
@sbogoev

Replying to @toVornottoV

Здраво. Имавме посериозен проблем со операторот кој е задолжен за одржување на јавното осветлување. Ќе се санира дефектот. Благодарам на разбирање.

yarre @yarrre · Nov 7
Дали во @OpstinaKarpos кај @sbogoev постои правилник и дозвола за работа на објект кој се наоѓа на сама раскрсница или поточно пристапен тротоар од два пешачки премини?

6 5 9

Стефан Богоев
@sbogoev

Replying to @yarrre and @OpstinaKarpos

Дозволите за вршење дејност ги издава Министерство за економија. Се согласувам дека локацијата е проблематична, и ќе направиме контрола на тоа што нашите инспекциски служби имаат надлежност да го контролираат.

Грегорич Пек @marsedonec · Nov 8
Баш за ова пишав пред некој ден ама не успеав да сликам. Проблемот во државава е што се е кампањски. Пуштија џандари 3-4 дена и толку беше
Пинг @CityofSkopje @OpstinaKarpos @sbogoev

ЏАБЕ И СТОЛПЧИЊА ПРЕД СИТИ МОЛ, ТАКСИСТ...
Улицата Љубљанска пред ТЦ Сити мол секој ден е блокирана од таксисти и возила бидејќи полиција...
sdk.mk

3 3 15

Стефан Богоев @sbogoev · Nov 8
Очигледно дека е потребно поголема присуство на сообраќајна полиција. Друго решение нема. Јас во неколку наврати побарав секојдневни патроли, особено во главниот „шпиц", попладневни часови, петок/сабота/недела.

3 4

таксистот
@FreakTaxi

Replying to @sbogoev @marsedonec and 2 others

Законски кога сме на повик или оставаме патник до 3 мин е дозволено, барем така пишуваше у правилникот

Dime (5,5518 ден.) @DimeS10cent · Nov 1
Дали некој востанови зошто се исушиле дрвјата? Можеби, само велам можеби, затоа што не биле наводнувани редовно?

1

Стефан Богоев
@sbogoev

Replying to @DimeS10cent

Стручните служби на ЈП Паркови и зеленило излегуваат на терен и прават проверка. Не секогаш е наводнувањето причина.

Translate Tweet
9:15 AM · Nov 1, 2019 · Twitter Web App

twitter

Аура ◻ @macekolace · Oct 30
Кај основното училиште во Козле , Општина Карпош има ангажирано човек кој се грижи за безбедноста на децата во сообраќајот.

Големо Браво

@sbogoev ✅

Динго @DingoOdKratovo · Oct 29
@sbogoev чисто информативно, сервисната улица на ТАР на 8ми септември во план ли е за брзо да се опраи пошо доаѓа зима ќе почнат дождови и чуда и нема да може да се пристапи од кал.

1

Стефан Богоев
@sbogoev

Replying to @DingoOdKratovo

Здраво. Започната е постапка и се подготвува проект, во 2020 ќе започне реконструкција на улицата.

Orce Nikolov
Почитувани, дали планирате некогаш да ги направите тротоарите од Канал 5 до пешачкиот мост, и да зачистите ако е можно во истиот потег.
Поздрав

Општина Карпош
Почитуван, овој викенд ќе се чисти околината на Злокуќани и ќе се земе во предвид и овој дел, кој инаку е во надлежност на ЈП „Комунална хигиена“ под Град Скопје. Но, нашите општински служби во соработка со приватна фирма за чистење ќе го отстранат отпадот и на посоченото место.
Со почит, Општина Карпош

Aleksandra Jordanoska Siljanoska
Добравечер
Кога ќе има информации за стипендиите што ги доделува општината?

Општина Карпош
Почитувана, свечено доделување на стипендиите ќе се одржи кон крајот на месецот, а дополнително ќе бидете известени од страна на наставниците за локацијата и точното време на доделувањето.
Со почит,
Општина Карпош

Aleksandra Jordanoska Siljanoska
Ви благодариме многу за стипендијата, денес направивте едно дете најсреќно на свет, конечно доби потврда за сиот труд, учење, вежбање...

Општина Карпош
Инклузивното игралиште се протега на површина од 450 м2, а во околината е поставена и соодветна урбана опрема, клупи за седење и корпи за отпадоци, како и заштитна ограда. Дополнително, околу игралиштето беше засадено и ново зеленило.

Top Fan
Zorica Pop-Gorceva Mnogu ubavo
Like · Reply · Message · 3d

Baže Momiroski Perubavo e samo pod hitno fizicko obezbeduvanje da se vovede zosto vaka kratko ke trae
Like · Reply · Message · 3d · Edited 3

Благоја Антоски Одлично, вакво игралиште е потребно да се направи наместо детското игралиште " Бродот " кој се наоѓа спроти студентскиот дом Гоце Делчев, а за постоечкото само багер му е мајката.
Like · Reply · Message · 2d

Mihail Marinov

Like · Reply · Message · 1w

Општина Карпош Почитуван, ве молиме, за точна локација
Like · Reply

Mihail Marinov Општина Карпош kaj slatkarnica Palma na Partizanska od Siti mol do semaforite pred mostot Obedineti Nacii
Like · Reply · Message · 1w

Општина Карпош Mihail Marinov Почитувани,
Поради инсталација на гасовод во овој дел, малите канти за отпадоци кои се поставени од Град Скопје,
Ќе бидат вратени во првобитна состојба откако ќе заврши поставувањето на гасоводните цефки.

Ве молиме за трпени и Ваше разбирање.

Со почит,
Општина Карпош

Like · Reply

Клиничка Болница **Аџибадем Систина**

ПУШЕЊЕТО НАЈПОЗНАТ РИЗИК-ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА И МОЧЕН МЕУР

д-р Даниел Петровски,
Уролог

Канцерогените заболувања на простата, тестисите и мочниот меур кај мажите се во постојан подем. Последните статистички податоци покажуваат дека во земјава од канцер два пати повеќе умираат мажи од жени. Урологот д-р Даниел Петровски од Клиничката болница „Аџибадем Систина“ советува како мажите да се заштитат од овие заболувања, откривајќи ги причините за нивната појава.

Семејната историја се јавува како ризик - фактор број еден за појава на овие заболувања, а точната причина за појава на овој вид карциноми сè уште не е позната. За канцерот на простата и мочниот меур карактеристично е тоа што најчесто се јавуваат кај луѓе над 65-годишна возраст, а најчестите симптоми се безболно крвавење, односно крв во урината. Кај карцином на тестиси, пак, ситуацијата е обратна и најчесто се јавува кај младата популација, кај мажи на возраст од 18 до 35 години, а поретко кај постари лица и затоа во овој случај најважен е самопрегледот, кој овозможува рано откривање и успешно лекување. Како најчеста причина за појава на карцином на тестисите, д-р Петровски ги посочува неспуштените тестиси во раното детство. Најчесто не се видливи рани симптоми. Сомнеж се јавува кога во тестисите ќе се забележи грутка со големина на зрно грашок, зголемување или значајно намалување на едниот тестис, чувство на тежина во скротумот или непријатна болка во препоните или долниот дел на стомакот. Се решава со хируршката интервенција (орхиектомија - отстранување на заболениот тестис) по што најчесто следува хемотерапија или радиотерапија, која значително ја намалува плодноста кај мажот. Сепак, отстранувањето на тестисот не значи губење на полната моќ, бидејќи репродуктивната улога ја презема другиот тестис. Доколку се работи за помлад пациент со дијагностициран рак на тестисот, постои можност, по своја желба, пред оперативната интервенција да депонира сперма во банката за сперма која понатаму би се искористила за создавање негово потомство.

Физичката активност и здравата исхрана се најдобра превенција од карцином на простата. Освен генетската предиспозиција, за најголеми ризик-фактори се сметаат дебелината, прекумерното консумирање мрсна храна и црвено месо и пушењето, кои, за среќа, вели д-р Петровски можат да се контролираат. Пушењето е и најчеста причина за појава на карцином на мочниот меур. Затоа препораките се да се внесува повеќе овошје и зеленчук во исхраната, а да се избегнуваат алкохолот и цигарите. Хронична инфекција на уринарниот тракт, камен во бубрег и во мочниот меур, ретки вродени дефекти на мочниот меур, но и недоволениот внес на течности се дополнителни ризик-фактори на развој на овој вид карцином. Со превентивни прегледи е најдобро да се започне од 45-годишна возраст. Д-р Петровски укажува дека доколку се откријат навремено и со навремена терапија, карциномите на простата и мочен меур можат да бидат излекувани во најголем број од случаите. При третманите на карциномот на простата или мочниот меур, во зависност од тоа дали и во кои органи се проширил, се користи хормонска, хемотерапија или радиотерапија. Карциномот на простата најчесто местастазира во коските, а карциномот на мочниот меур во лимфните јазли.

Урбани заедници

Карпош 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

Карпош 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

Карпош 3
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

Карпош 4
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Виолета Божиновска
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

Тафталиџе 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

Тафталиџе 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

Влае 1
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53 и 02 | 30.93.174
m: vlae1@karpos.gov.mk
m: nenad.zafirovski@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

Влае 2
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

Нерези
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

Владо Тасевски
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Алжирска б.б.

Кузман Јосифовски Питу
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Пецо Божиновски Кочо
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Злокуќани
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

Бардовци
Самостоен референт во областа на месната самоуправа
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

Одделение за месна самоуправа
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90 и 02 | 30.79.559
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

Кабинет:	02 | 30.55.901 02 | 30.55.902
Претседател на Советот на Општина Карпош:	02 | 30.55.913
Секретар на Општина Карпош:	02 | 30.55.918
Сектор за правниработи:	02 | 30.55.900
Сектор за дејности од јавен интерес:	02 | 30.55.939
Сектор за односи со јавност:	02 | 30.55.920
Сектор за развој на општината:	02 | 30.68.151
Сектор инспекторат:	02 | 30.55.931
Сектор за финансиски прашања:	02 | 30.55.923
Архива:	02 | 30.55.954
Сектор за урбанизам:	02 | 30.55.900
Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:	072 | 21.43.54
Сектор за екологија и енергетска ефикасност:	02 | 3076 035
Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:	02 | 3055 942
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:	02 | 3067 055

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

www.karpos.gov.mk

Поважни телефони

Полиција	192
Противпожарна бригада	193
Брза помош	194
Управување со кризи	195
АМСМ - помош на патишта	196
АМСМ - информативен центар	155 55
Авто помош на пат (24 ч.)	9159
Царина	197
Матична служба - ГУВР	3117 037
Сала за венчање	3118 250

ПТТ услуги

Будење	180
Точно време	185
Информации	988
Воена полиција	3227 700
Пазарен инспекторат	975
Водовод и канализација - дежурна служба	3073 010
Комунална хигиена - дежурен диспечер	3224 961
Оџаци - оџачарски услуги	2440 293

Сообраќај

Меѓуградска автобуска станица	2466 313
Македонија сообраќај	2402 388
Железничка станица	3234 255
Аеродром Скопје	3148 333

Дежурни аптеки

Зегин (МНТ-подрум)	3117 614
Реплек - аптека бр.4	3130 170

Здравствени објекти

Клиничка болница	3147 147
Градска општа болница	3235 000
Болница 8 Септември	3087 400
Детска болница - Козле	3085 761
Неуромедика	3130 000
Клиника "Мајчин дом"	3147 004
Стоматолошки клинички центар	3299 000
Гинеколошко - акушерска клиника	3147 147
Гинекологија и акушерство - Чаир	2611 033
Аџибадем Систина	3099 500

Дежурни поликлиники

Букурешт	3064 088
Идадија	3113 033
Ѓорче Петров	2031 022
Јане Сандански	2463 277
Чаир	2795 112
Драчево	2611 506
Шуто Оризари	2651 696
Ченто	2522 351
Бит-Пазар	3134 534
Неуромедика	3133 313

e-mail
kontakt@karpos.gov.mk

Facebook
Општина Карпош

Twitter
@OpstinaKarpos

Instagram
@opstinakarpos